Република Северна Македонија
Национална установа
СПОМЕН КУЌА НА
ТОДОР ПРОЕСКИ
Бр. 01-36/1
25.02 20 22 год.
КРУШЕВО



ИЗВЕШТАЈ ЗА РЕАЛИЗАЦИЈА НА ГОДИШНАТА ПРОГРАМА ЗА 2021 ГОДИНА

НА НУ СПОМЕН КУЌА НА ТОДОР ПРОЕСКИ КРУШЕВО

## Музејска дејност

Извештајот за работа на НУ Спомен-куќа на Тодор Проески произлегува од законската обврска за поднесување на годишен извештај за работа до Министерство за култура.

Основна дејност на Националната установа Спомен-куќа на Тодор Проески е музејската дејност која се остварува преку собирање, средување, проучување, чување и презентација на музејски материјали.

Согласно договорот за учество во финансирање на годишната програма за работа на НУ Спомен-куќа на Тодор Проески за 2021 година, Министерството за култура учествува со средства обезбедени од Буџетот на РСМ во висина од 3.462.901 денар, од кои

- од областа на музејската дејност и заштита на нематеријалното културно наследство беше избран и реализиран проектот:

1. Изложба за животното дело на Тоше

За реализација на овој проект одобрени беа средства во висина од 50.000 денари.

Овие средстав беа искористени за печатење на досега необјавени фотографии од детството и тинеџ годините на Тоше од архивата на неговата фамилија и од неговите настапи, 16 фотографи вкупно, се испечатија со нов дизајн 6 картички со мисли на Тоше за религијата, семејството, пријателството, хуманоста и се покрија патните трошоци до двете дестинации каде се реализиараше оваа изложба, Кавадарци и Струмица. Интегрален дел на изложбата е аудио видео материјал кој го подготвија кустосот во НУ Спомен куќа на Тодор Проекси – Надица Талеска и соработник за информатички работи Зоран Николовски. Оваа изложба ја посетија околу 1000 посетители, имајќи во предвид дека беше превземена од Домовите на култура во Македонски Брод и Кичево.

Во прилог доставуваме копии од добиени фактури.

Согласно Годишниот договор за учество во финансирање на годишната програма за работа на установата, Министерството за култура на име материјални трошоци – конто 464 990 преведе средства во висина од 300.000 денари.

Средствата установата ги искористи за следните потреби:

- набавка на акумулатори .......................................................................... 25 750 ден.
- хортикултурно уредување на установата ............................................ 55 813 ден.
- тековно одржување на објект .................................................................. 39 830 ден.
- печатење на влезници ................................................................................ 10 620 ден.
- договорни услуги – чистење на стакло .................................................. 69 620 ден.
- сервисирање на противпожарни апарати ............................................... 9 643 ден
- средства за хигиена ..................................................................................... 2 820 ден.
- набавка на ситен инвентар ......................................................................... 17 788 ден.
- набавка на канцелариски материјал ......................................................... 2 170 ден.
- набавка на опрема – монитори, фотеља .................................................. 35 400 ден.
- одржување на опрема ................................................................................... 9 256 ден.
- печатење на маички ...................................................................................... 11 741 ден.
- набавка на книги ........................................................................................... 6 549 ден.
- инсталирање на програма ............................................................................. 3 000 ден.

Исплата на електрична енергија – конто 421110, согласно склучен договор преведени – 660.000 денари а потрошени се 663.716 денари.

Исплата на други комунални услуги – конто 421190, согласно склучен договор преведени се 20.000 денари а потрошени се 16.284 денари.

Во прилог на извештајот, доставуваме копии од исплатени фактури.

Исплата на средства за семејството Проески за изнајмување на личните работи на Тодор Проески, на сметката на установата преведени се и на семејството исплатени 2.635.711 денари ( за 10-ти, 11-ти и 12-ти месец од 2020 год. и за месеците јануари-октомври 2021 година).

Согласно Годишниот договор, доставуваме и годишен преглед за остварени приходи на сметка 787 и расходи по намени за цела година.

Директор

Лефкија Гажоска